# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| | |
|---|---|
| Службен Гласник на<br>Општина Ѓорче Петров<br>излегува по потреба | 15 Декември 2025 година<br>Скопје<br>Бр.17 Год. XX |

www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

**Издавач:** **Општина Ѓорче Петров**
**ул.Ѓорче Петров бр.22**
**Уредува:** **Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот**
**тел.** **02/2039-307 ; 02/2039-308**
**фах.** **02/2033-309**


*Содржина:*


1. Заклучоци против дезинформациите за мигрантски кампови и политичките манипулации ....стр.2
2. Одлука за утврдување на почеток и завршеток на работното време во ЈОУДДГ „Росица“ за 2026 година ....стр.5
3. Одлука за именување претставници на Општина Ѓорче Петров во Управниот одбор на Јавна општинска установа за деца-детска градинка „Росица“ Ѓорче Петров, Скопје..стр.7
4. Одлука за именување претставник на Општина Ѓорче Петров во Училишниот Одбор на ООУ „Ѓорче Петров“ – Скопје ....стр.9
5. Одлука за одобрување за користење на дел од деловен објект во сопственост на Општина Ѓорче Петров ....стр.11
6. Одлука за донесување на Техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП 2.4.42 од ДУП локалитет Алекса Демниевски, Општина Ѓорче Петров, Скопје ....стр.14
7. Одлука за донесување на Техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП 3.5.49 од ДУП локалитет Алекса Демниевски, Општина Ѓорче Петров, Скопје ....стр.16
8. Одлука за донесување на Техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП 18.20 од ДУП М.З. Ѓорче Петров 37, Општина Ѓорче Петров,Скопје..стр.18

9. Одлука за утврдување на потреба од ангажирање на работници за вршење на јавна работа на територијата на Општина Ѓорче Петров ....................................................................стр.20
10. Заклучок за усвојување на Извештај за спроведена постапка за доделување на субвенции за клими ..................................................................................................................................стр.22

**Декември 2025 годин**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ

## За објавување на Заклучоци против дезинформациите за мигрантски кампови и политичките манипулации

Се објавуваат Заклучоците против дезинформациите за мигрантски кампови и политичките манипулации, што советот на Општина Ѓорче Петров ги донесе на Четвртата седница на советот, одржана на ден 15.12.2025 година.

**Број 02-2892/1**
**од 15.12.2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" број 5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија број 202/24 ) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров ( Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 8/23), советот на Општина Ѓорче Петров на 4-тата седницата одржана на ден 15.12.2025 година, ги донесе следните

## З А К Л У Ч О Ц И
**против дезинформациите за мигрантски кампови и политичките манипулации**

Член 1

1. Се осудува лажната кампања и манипулативно дејствување на опозициски политички субјекти, преку кои во јавноста се пласираат невистини и инсинуации за наводно прифаќање мигранти или изградба на мигрантски кампови на територијата на општините.

2. Се констатира дека ваквите дезинформации се шират свесно и континуирано, со цел создавање паника и чувство на несигурност кај граѓаните, што директно ја нарушува стабилноста и спокојство во локалните заедници.

3. Се потврдува дека на територијата на општина Ѓорче Петров нема, ниту било побарано, ниту е договорено, ниту ќе биде дозволено воспоставување мигрантски кампови, прифатни центри или какви било трајни форми на сместување мигранти.

4. Се утврдува дека со овие заклучоци се става крај на сите шпекулации, дезинформации и лажни сценарија поврзани со наводно прифаќање мигранти или изградба на кампови и се потврдува јасна и непроменлива политика против нелегална миграција, во интерес на безбедноста на граѓаните.

5. Се изразува поддршка на политиките на владата насочени кон спречување на нелегална миграција, заштита на државниот суверенитет и обезбедување стабилност и безбедност во локалните заедници.

6. Се истакнува дека меѓуетнички односи, стабилноста, толеранцијата и меѓусебното почитување се темелни вредности на локалната заедница и дека секое неодговорно политичко дејствување кое може да ги наруши овие односи претставува сериозна закана за општествената кохезија.

7. Се повикуваат сите политички субјекти, јавни функционери и јавни чинители да покажат одговорност во јавниот говор, да ги почитуваат фактите и да се воздржат од ширење лаги и манипулации кои можат да предизвикаат страв, тензии и нарушување на јавниот ред во општините.

8. Овие заклучоци претставуваат јасна порака до граѓаните дека советот на Општина Ѓорче Петров стои цврсто во заштита на нивната безбедност, мирниот живот и стабилноста на нашата локалната заедница.

9. Со цел целосна транспарентност и навремено информирање на јавноста, овие заклучоци ќе бидат објавени на официјалната интернет страница на општината, како и преку официјална интернет страница на општината, заради целосно и точно запознавање на граѓаните со нивната содржина и со ставовите на советот.

Член 2

Овие заклучоци влегуваат во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 02-2846/2**
**од 15.12.2025 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Бранкица Дуковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за утврдување на почеток и завршеток на работното време во ЈОУДДГ „Росица"Ѓорче Петров, Скопје за 2026 година**

Се објавува Одлуката за утврдување на почеток и завршеток на работното време во Јавна општинска установа за деца-детска градинка „Росица"-Ѓорче Петров, Скопје за 2026 година, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четвртата седница на советот, одржана на ден 15.12.2025 година.

**Број 02-2892/2**
**од 15.12.2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 и член 62 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/02 и Службен весник на СРМ бр.202/24), член 67 став 6 од Законот за заштита на децата (Службен Весник на Р.М. бр. 23/2013, 12/2014, 44/2014, 144/2014, 10/2015, 25/2015, 150/2015, 192/2015, 27/2016, 163/17, 21/2018 и 198/2018 и Службен Весник на Р.С.М. бр.104/2019, 146/2019, 275/2019, 311/2020, 294/2021, 150/2022, 236/2022, 17/2025 и 132/2025), а согласно Одлуката за пренесување на основачките права над постојните јавни установи за деца-детски градинки на општините во Градот Скопје и пренесување на правото на сопственост на објектите (Службен весник на Р.М. бр. 51/05), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.8/23), советот на Општина Ѓорче Петров на 4-тата седница одржана на ден 15.12.2025 година, донесе

# О Д Л У К А
## за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време во ЈОУДДГ„Росица“- Ѓорче Петров - Скопје за 2026 година

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува работното време во Јавната општинска установа за деца-детска градинка „Росица“-Ѓорче Петров-Скопје за 2026 година и тоа со почеток од 06:00 часот до завршување во 18:00 часот.

**Член 2**

Во рамките на работно време на установата, работното време за згрижување на децата е од 06:00 часот до 17:00 часот.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 02-2846/3**
**од 15.12.2025 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Бранкица Дуковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

РЕШЕНИЕ

**За објавување на Одлука за именување претставници на Општина Ѓорче Петров во Управниот одбор на ЈОУДДГ „Росица“ Ѓорче Петров, Скопје**

Се објавува Одлуката за именување претставници на Општина Ѓорче Петров во Управниот одбор на Јавна општинска установа за деца-детска градинка „Росица“-Ѓорче Петров, Скопје за 2026 година, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четвртата седница на советот, одржана на ден 15.12.2025 година.

**Број 02-2892/3**
**од 15.12.2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 и член 62 од Законот за Локална самоуправа („Службен Весник на Р.М.“ бр.5/2002 и Сл.весник на Република С.Македонија бр.202/24), член 114 став 10 и член 115 став 1 од Законот за заштита на децата („Службен Весник на Р.М.“ бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и („Службен Весник на Р.С.М.“ 104/19, 146/19, 27/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст)(Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.8/23), советот на Општина Ѓорче Петров на 4-тата седница одржана на ден 15.12.2025 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за именување претставници на општина Ѓорче Петров**
**во Управниот одбор на Јавна општинска установа за деца-детска градинка „Росица“**
**Ѓорче Петров Скопје**

**Член 1**

За претставници на општина Ѓорче Петров во Управниот одбор на Јавна установа за деца-детска градинка „Росица“-Скопје, се избираат :

- Надица Мушијан
- Игор Јуруков

**Член 2**

Мандатот на претставниците во Управниот Одбор трае 4 (четири) години.

**Член 3**

Со влегувањето во сила на оваа Одлука, престанува да важи одлуката за именување претставници во Управниот одбор на Јавна установа детска градинка „Росица“, број 08-2173/14 од 09.12.2021 година („Службен гласник на општина Ѓорче Петров“ бр. 16/2021).

**Член 4**

Одлуката стапува на сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 02-2846/4**
**од 15.12.2025 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Бранкица Дуковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

РЕШЕНИЕ

**За објавување на Одлука за именување претставник на Општина Ѓорче Петров во Училишниот Одбор на ООУ „Ѓорче Петров" - Скопје**

Се објавува Одлуката за именување претставник на Општина Ѓорче Петров во Училишниот Одбор на ООУ „Ѓорче Петров" - Скопје, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четвртата седница на советот, одржана на ден 15.12.2025 година.

**Број 02-2892/4**
**од 15.12.2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и Сл.весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 106 став 2 и 5 од Законот за основно образование („Службен весник на Република С. Македонија“ бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.8/23), советот на Општина Ѓорче Петров на 4-та седница одржана на ден 15.12.2025 година, донесе:

**ОД Л У КА**
**за именување претставник на Општина Ѓорче Петров**
**во Училишниот Одбор на ООУ „Ѓорче Петров“ - Скопје**

**Член 1**

За претставник на Општина Ѓорче Петров во Училишниот Одбор на ООУ „Ѓорче Петров“-Скопје, се избира:

- Данче Василевска Савеска

**Член 2**

Мандатот на претставниците во Училишниот Одбор трае 3 (три) години.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 02-2846/5**
**од 15.12.2025 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Бранкица Дуковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ
## За објавување на Одлука за одобрување за користење на дел од деловен објект во сопственост на Општина Ѓорче Петров

Се објавува Одлуката за одобрување за користење на дел од деловен објект во сопственост на Општина Ѓорче Петров, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четвртата седница на советот, одржана на ден 15.12.2025 година.

**Број 02-2892/5**
**од 15.12.2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02 и Сл.весник на Република Северна Македонија бр.202/24) и член 16 став 1 точка 10 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров” бр.08/23), советот на Општина Ѓорче Петров на 4-тата седница одржана на ден 15.12.2025 година, донесе

**ОДЛУКА**

**за одобрување на користење на дел од деловен објект во сопственост на Општина Ѓорче Петров за потребите на вториот проект за подобрување на социјалните услуги (ППСУ2) услуги во домот (помош и нега во домот)**

**Член 1**

Со оваа одлука се одобрува користење на дел од деловен простор со површина од 82м2 опишан во ИЛ бр. 53798, КП 6238, КО Ѓорче Петров 6, во сопственост на Општина Ѓорче Петров, број на зграда 1, намена В4-8, влез 1, кат Пр, со адреса на ул. „Радушка“, на Здружението за социјални иновации и одржлив развој РАДАР – Скопје (во натамошниот текст: здружението), по основ на проект поддржан од Министерството за социјална политика, демографија и млади.

Предмет на оваа одлука се просториите на скицата подолу, обоени со зелена боја и обележани како ДП4, ДП8, ДП9, Х2, К и ВЦ.

Приземје




**Член 2**

Општина Ѓорче Петров како партнер во Вториот проект за подобрување на социјалните услуги – услуги во домот (помош и нега во домот), учествува со давање на користење на делот од деловниот простор од член 1 на оваа одлука на користење на здружението без надомест, за временски период од 5 (пет) години.

**Член 3**

Здружението е должно делот од деловниот простор да го користи како добар домаќин и стопанственик, согласно неговата намена.

**Член 4**

За периодот на користење на просторот, здружението е согласно на свој товар да ги покрива режиските трошоци.

**Член 5**

Се овластува градоначалникот на Општина Ѓорче Петров да склучи договор со здружението, за реализација на оваа одлука.

Договорот стапува на сила и отпочнува да се применува со моментот на добивање на грантот за проектот од членот 2 на оваа одлука, во спротивно, истиот не произведува правна сила.

**Член 6**

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а се објавува во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 02-2846/6**
**од 15.12.2025 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Бранкица Дуковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

РЕШЕНИЕ

**За објавување на Одлука за донесување на Техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП 2.4.42 од ДУП локалитет Алекса Демниевски, Општина Ѓорче Петров, Скопје**

Се објавува Одлуката за донесување на Техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП 2.4.42 од ДУП локалитет Алекса Демниевски, Општина Ѓорче Петров, Скопје, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четвртата седница на советот, одржана на ден 15.12.2025 година.

**Број 02-2892/6**
**од 15.12.2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 и 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и Сл.весник на Република С. Македонија бр.202/24), член 36 став (6) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 32/20, 111/23, 73/2024, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров- Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), Советот на Општина Ѓорче Петров на 4-тата седница одржана на 15.12.2025 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за донесување на Техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП 2.4.42 од ДУП локалитет Алекса Демниевски, Општина Ѓорче Петров, Скопје (донесен со Одлука на Советот на Општина Ѓорче Петров, бр. 07-1474/4 од 21.07.2006 год. и бр. 02-1464/4 од 27.09.2024 год.)**

**Член 1**

Со оваа одлука се донесува Техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП 2.4.42 од ДУП локалитет Алекса Демниевски, Општина Ѓорче Петров, Скопје (донесен со Одлука на Советот на Општина Ѓорче Петров, бр. 07-1474/4 од 21.07.2006 год. и бр. 02-1464/4 од 27.09.2024 год.), изработена од „ЗУМ ПРОЕКТ" Скопје со тех. бр. 159/25-У од октомври 2025 год., а по добиено позитивно Мислење од Комисијата за урбанизам на Општина Ѓорче Петров со бр. 10-2488/5 од 15.10.2025 год.

**Член 2**

Техничката исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП 2.4.42 од ДУП локалитет Алекса Демниевски, Општина Ѓорче Петров, Скопје (донесен со Одлука на Советот на Општина Ѓорче Петров, бр. 07-1474/4 од 21.07.2006 год. и бр. 02-1464/4 од 27.09.2024 год.), изработена од „ЗУМ ПРОЕКТ" Скопје со техн. бр. 159/25-У од октомври 2025 год., е составен дел на Деталниот урбанистички план локалитет Алекса Демниевски, Општина Ѓорче Петров, Скопје (донесен со Одлука на Советот на Општина Ѓорче Петров, бр. 07-1474/4 од 21.07.2006 год. и бр. 02-1464/4 од 27.09.2024 год.).

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 02-2846/7** **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**од 15.12.2025 година** **Претседател,**
**Скопје** **Бранкица Дуковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ

**За објавување на Одлука за донесување на Техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП 3.5.49 од ДУП локалитет Алекса Демниевски, Општина Ѓорче Петров, Скопје**

Се објавува Одлуката за донесување на Техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП 3.5.49 од ДУП локалитет Алекса Демниевски, Општина Ѓорче Петров, Скопје, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четвртата седница на советот, одржана на ден 15.12.2025 година.

**Број 02-2892/7**
**од 15.12.2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 и 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и Сл.весник на Република С. Македонија бр.202/24), член 36 став (6) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20, 111/23, 73/2024, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров- Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), советот на Општина Ѓорче Петров на 4-тата седница одржана на 15.12.2025 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за донесување на Техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП 3.5.49 од ДУП локалитет Алекса Демниевски, Општина Ѓорче Петров, Скопје (донесен со Одлука на Советот на Општина Ѓорче Петров, бр. 07-1474/4 од 21.07.2006 год. и бр. 02-1464/4 од 27.09.2024 год.)**

**Член 1**

Со оваа одлука се донесува Техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП 3.5.49 од ДУП локалитет Алекса Демниевски, Општина Ѓорче Петров, Скопје (донесен со Одлука на Советот на Општина Ѓорче Петров, бр. 07-1474/4 од 21.07.2006 год. и бр. 02-1464/4 од 27.09.2024 год.), изработена од „ЗУМ ПРОЕКТ“ Скопје со техн. бр. 154/25-У од октомври 2025 год., а по добиено позитивно Мислење од Комисијата за урбанизам на Општина Ѓорче Петров со бр. 10-2449/5 од 15.10.2025 год.

**Член 2**

Техничката исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП 3.5.49 од ДУП локалитет Алекса Демниевски, Општина Ѓорче Петров, Скопје (донесен со Одлука на Советот на Општина Ѓорче Петров, бр. 07-1474/4 од 21.07.2006 год. и бр. 02-1464/4 од 27.09.2024 год.), изработена од „ЗУМ ПРОЕКТ“ Скопје со техн. бр. 154/25-У од октомври 2025 год., е составен дел на Деталниот урбанистички план локалитет Алекса Демниевски, Општина Ѓорче Петров, Скопје (донесен со Одлука на Советот на Општина Ѓорче Петров, бр. 07-1474/4 од 21.07.2006 год. и бр. 02-1464/4 од 27.09.2024 год.).

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 02-2846/8**
**од 15.12.2025 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Бранкица Дуковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ
**За објавување на Одлука за донесување на Техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП 18.20 од ДУП М.З. Ѓорче Петров 37 Општина Ѓорче Петров,Скопје**

Се објавува Одлуката за донесување на Техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП 18.20 од ДУП М.З. Ѓорче Петров 37, Општина Ѓорче Петров,Скопје, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четвртата седница на советот, одржана на ден 15.12.2025 година.

**Број 02-2892/8**
**од 15.12.2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 и 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и Сл.весник на Република С. Македонија бр.202/24), член 36 став (6) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20, 111/23, 73/2024, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров- Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), Советот на Општина Ѓорче Петров на 4-тата седница одржана на 15.12.2025 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за донесување на Техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП 18.20 од ДУП М.З. Ѓорче Петров 37 (донесен со Одлука на Советот на Општина Ѓорче Петров бр. 07-307/4 од 21.03.2001 год., бр. 08-1378/8 од 15.07.2022 год., бр. 08-2388/3 од 28.12.2022 год., бр. 08-1360/4 од 13.07.2023 год., бр. 02-718/3 од 26.04.2024 год., бр. 02-718/4 од 26.04.2024 год., бр. 02-1260/20 од 21.08.2024 год., бр. 02-354/4 од 25.02.2025 год. и 02-945/9 од 20.05.2025 год.)**

**Член 1**

Со оваа одлука се донесува Техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП 18.20 од ДУП М.З. Ѓорче Петров 37 (донесен со Одлука на Советот на Општина Ѓорче Петров бр. 07-307/4 од 21.03.2001 год., бр. 08-1378/8 од 15.07.2022 год., бр. 08-2388/3 од 28.12.2022 год., бр. 08-1360/4 од 13.07.2023 год., бр. 02-718/3 од 26.04.2024 год., бр. 02-718/4 од 26.04.2024 год., бр. 02-1260/20 од 21.08.2024 год., бр. 02-354/4 од 25.02.2025 год. и 02-945/9 од 20.05.2025 год.) изработена од „ЗУМ ПРОЕКТ“ Скопје со техн. бр. 177/25-У од ноември 2025 год., а по добиено позитивно Мислење од Комисијата за урбанизам на Општина Ѓорче Петров со бр. 10-2652/5 од 03.12.2025 год.

**Член 2**

Техничката исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП 18.20 од ДУП М.З. Ѓорче Петров 37 (донесен со Одлука на Советот на Општина Ѓорче Петров бр. 07-307/4 од 21.03.2001 год., бр. 08-1378/8 од 15.07.2022 год., бр. 08-2388/3 од 28.12.2022 год., бр. 08-1360/4 од 13.07.2023 год., бр. 02-718/3 од 26.04.2024 год., бр. 02-718/4 од 26.04.2024 год., бр. 02-1260/20 од 21.08.2024 год., бр. 02-354/4 од 25.02.2025 год. и 02-945/9 од 20.05.2025 год.) изработена од „ЗУМ ПРОЕКТ“ Скопје со техн. бр. 177/25-У од ноември 2025 год., е составен дел на Деталниот урбанистички план М.З. Ѓорче Петров 37 (донесен со Одлука на Советот на Општина Ѓорче Петров бр. 07-307/4 од 21.03.2001 год., бр. 08-1378/8 од 15.07.2022 год., бр. 08-2388/3 од 28.12.2022 год., бр. 08-1360/4 од 13.07.2023 год., бр. 02-718/3 од 26.04.2024 год., бр. 02-718/4 од 26.04.2024 год., бр. 02-1260/20 од 21.08.2024 год., бр. 02-354/4 од 25.02.2025 год. и 02-945/9 од 20.05.2025 год.).

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 02-2846/9**
**од 15.12.2025 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Бранкица Дуковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ
### За објавување на Одлука за утврдување на потреба од ангажирање на работници за вршење на јавна работа на територијата на Општина Ѓорче Петров

Се објавува Одлуката за утврдување на потреба од ангажирање на работници за вршење на јавна работа на територијата на Општина Ѓорче Петров, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четвртата седница на советот, одржана на ден 15.12.2025 година.

| | |
|---|---|
| **Број 02-2892/9** | **ГРАДОНАЧАЛНИК НА** |
| **од 15.12.2025 година** | **ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ** |
| **Скопје** | **Александар Стојкоски с.р.** |

Врз основа на член 36, 64 став 3 и член 62 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ број 5/02 и 202/24) во врска со 2 и 3 од Законот за јавна чистота („Службен весник на Република Македонија“ бр. 111/08, 64/09, 88/10, 114/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15 и 31/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21, 255/24 и 101/25) ) и член 16 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-пречистен текст (Службрн гласник на Општина Ѓорче Петров број 8/23), советот на Општина Ѓорче Петров на 4-тата седница одржана на 15.12.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на потреба од ангажирање на работници за вршење на јавна работа на територијата на Општина Ѓорче Петров**

**Член 1**

Со одлуката се утврдува потреба од ангажирање на работници за вршење на јавни работи за одржување на хигинена на јавни површини, одржување на зелени површини и одржување јавни пешачки површини во зимски услови.

Јавните работи по конкретно се определени во годишната програма за јавни работи.

**Член 2**

За вршење на јавните работи од член 1 од оваа одлука во Општина Ѓорче Петров ангажираат потребен број на работници.

Број на работници се утврдува со јавниот оглас.

Работниците јавната работа ја извршуваат на подрачјето на општината, на начин и под услови утврдени со годишната програмата за јавни работи на територијата на Општина Ѓорче Петров.

**Член 3**

Начинот и постапката за избор на работници се уредува во годишната програмата за јавни работи, односно преку спроведување јавен оглас.

**Член 4**

Висината на нето дневниот надоместок за ангажиран работник изнесува од 800,00 денари до 1.300,00 денари во зависност од тоа на која работна активност е распореден работникот.

Со секој работник посебно се склучува договор на месечно ниво и со истиот поблиску се уредуваат меѓусебните правата и обврските.

**Член 5**

За реализација на одлуката е надлежн од Секторот за урбанизам, комунална дејности и инвестиции - Одделението за инвестиции, комунални дејности и тековно одржување.

**Член 6**

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 02-2846/10** **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**од 15.12.2025 година** **Претседател,**
**Скопје** **Бранкица Дуковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ
### За објавување на Заклучок за усвојување Извештај за спроведена постапка за доделување на субвенции за клими

Се објавува Заклучокот за усвојување на извештајот за спроведена постапка за доделување на субвенции за клими, што советот на Општина Ѓорче Петров го донесе на Четвртата седница на советот, одржана на ден 15.12.2025 година.

**Број 02-2892/10** — ГРАДОНАЧАЛНИК НА
**од 15.12.2025 година** — ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ
**Скопје** — **Александар Стојкоски с.р.**

# И З В Е Ш Т А Ј

## За работата на Комисијата за спроведување на Јавен повик за субвенционирање на дел од трошоците направени при набавка на топлински пумпи (клима уреди или топлотни пумпи) во 2025 година

Согласно член 7 од Одлуката за субвенционирање на дел од трошоците направени при набавка на топлински пумпи (клима уреди или топлотни пумпи) во 2025 година, градоначалникот со Решение број 02-972/1 од 19.05.2025 година, формира комисијата за изготвување на Јавен оглас и спроведување на постапка за доделување на субвенции за покривање на дел од трошоците на граѓаните на општина Ѓорче Петров при набавка на топлотни пумпи и клима уреди во следниот состав:

1.Иван Марковски – претседател
2.Бошко Стојанов – член
3.Горан Андриевски – член
4.Милена Јовановска – зам. претседател
5.Елизабета Кучера – зам. член
6.Бобан Стојаноски – зам. член

Комисијата согласно член 9 од Одлуката за субвенционирање на дел од трошоците направени при набавка на топлински пумпи (клима уреди или топлотни пумпи) во 2025 година, до Советот и градоначалникот доставува извештај за својата работа.

Согласно наведената Одлука и Решение, Комисијата е задолжена да изготви Јавен оглас за доделување на финансиски средства за субвенционирање на дел од трошоците на граѓаните направени при набавка на топлински пумпи (клима уреди или топлотни пумпи) во 2025 година, да ја спроведе постапката согласно критериумите за доделување финансиски средства утврдени во Одлуката, да утврди предлог листа на кандидати кои ги исполнуваат условите предвидени во Јавниот оглас и да ги достави до градоначалникот предлог листа на добитници на субвенции за покривање на дел од трошоците на граѓаните направени при набавка на топлински пумпи (клима уреди или топлотни пумпи) во 2025 година.

Комисијата одржа три седници за утврдување на текст на Јавниот повик за негово објавување.

1. Прва седница на Комисијата се одржа на ден 22 Мај 2025 година со почеток во 10:00 часот во просториите на Општина Ѓорче Петров, со следниот дневниот ред:
   - Разгледување на содржината на Јавниот повик;
   - Предлози и забелешки за измени и дополнувања;
   - Дискусија за формата и содржината на пропратните документи; и
   - Разно.

Беа донесени соодветни заклучоци за секоја точка и беа утврдени измени и забелешки во составот и содржината на Јавниот повик, критериумите и условите по кои ќе се реализира постапката.

2. Втора седница на Комисијата се одржа на ден 29 Мај 2025 година со почеток во 12:30 часот во просториите на Општина Ѓорче Петров, со следниот дневниот ред:
   - Разгледување на содржината на Јавниот повик;
   - Предлози и забелешки за измени и дополнувања;

- Дискусија за формата и содржината на пропратните документи; и
- Разно.

Беа утврдени измени во дефинирањето на точките и потточките на Јавниот повик, беа дадени повеќе сугестии и предлози со цел зголемување на транспарентноста и функционалноста на повикот.

3. Трета седница на Комисијата се одржа на ден 10 Јуни 2025 година со почеток во 10:00 часот во просториите на општина Ѓорче Петров со следниот дневниот ред:
   - Разгледување на содржината на Јавниот повик
   - Дискусија за формата и содржината на пропратните документи
   - Разно

Комисијата детално ја прегледа документацијата, критериумите, условите и правилата. Беше констатирано дека приложената документација за реализација на постапката со сите пропратни документи (Јавен повик, барање, изјави, известувања) е подготвена за објавување. Беше дефиниран финалниот состав на документацијата и се одлучи за натамошно спроведување на Јавниот повик.

По изготвувањето на Јавниот повик за субвенционирање на дел од трошоците направени при набавка на топлински пумпи (клима уреди или топлотни пумпи) во 2025 година, заведен под архивски број  02-972/5, истиот на ден 16.06.2025 година, јавно е објавен на веб страната на општина Ѓорче Петров.

Рок за  доставување на барања од граѓаните – жители на општина Ѓорче Петров е завршен на ден 30.06.2025 година.

По завршување на Јавниот повик се одржаа уште 2 седници на комисијата.

4. Четврта седница на Комисијата се одржа на ден 15 Јули 2025 година со почеток во 09:00 часот во просториите на општина Ѓорче Петров, на која како дневен ред се спроведоа следните активности:

Отворање и утврдување на вкупниот број на пристигнати барања

Комисијата констатираше дека до денот определен во огласот како краен рок за поднесување барања се пристигнати вкупно 113 (сто и тринаесет) барања од заинтересирани граѓани за субвенционирање на дел од трошоците направени при набавка на топлински пумпи (клима уреди или топлотни пумпи) во 2025 година.

5. Петта седница на Комисијата за спроведување на Јавен повик за субвенционирање на дел од трошоците направени при набавка на топлински пумпи (клима уреди или топлотни пумпи) во 2025 година, со единствена точка на дневниот ред:

   - Евалуација на пристигнатите барања

Комисијата во периодот од 21.07.2025 година до 15.08.2025 година спроведе детално разгледување и увид на пристигнатите барања. Евиденцијата за барањата беше внесена во посебна табела којашто ги содржи следните податоци:

- Шифра на пристигнатото барање (03-1101/1 ; 03-1101/113);
- Име и презиме на подносителот на барањето;
- ЕМБГ на подносителот на барањето;
- Број на трансакциска сметка;

- E-mail и телефонски број;
- Адреса на живеење;
- Документација (комплетна – дали ги содржи сте документи наведени во точка 11 од Јавниот повик број 02-972/5 од 16.06.2025 година);
- Вид на набавената топлинска пумпа (клима уред или топлотна пумпа);
- Цена на набавената топлинска пумпа (клима уред или топлотна пумпа);
- Висина на субвенцијата (во зависност од набавената топлинска пумпа – клима уред: 50% од цената, но не повеќе од 15.000,00 денари; или топлотна пумпа: 10% од цената, но не повеќе од 21.000,00 денари;
- Пресметка на данок на личен доход врз основ на висината на субвенцијата која е предвидена за доделување за секој барател;
- Проверка за платен данок на имот за 2024 година; и
- Потврда за предадена печка.

Начинот на кој што се спроведе постапката за евалуација на барањата започна со детален увид на пристигнатите барања и утврдување на комплетноста на секое барање посебно како и проверка на исполнување на сите услови кои се наведени.

Проверка за исполнување на право на учество, услови и комплетност на документацијата, согласно точка 10 од Јавниот повик ги опфаќа следните елементи:

- Барателот да е жител на Општина Ѓорче Петров;
- Објектот да нема приклучок или можност за приклучок на градско централно греење. Во зоните каде што има градско централно греење да има доставено потврда од ЕСМ дека објектот не е приклучен на градско централно греење;
- Објектот да не е во фаза на градба и во него барателот да живее;
- Копија од сметка од ЕВН за увид на адресата на објектот и броилото за електрична енергија;
- Платен данок на имот за 2024 година за објектот во кој е инсталирана топлинската пумпа (клима уред или топлотна пумпа). Проверката ја врши Општина Ѓорче Петров со увид на уплатите во финансиската картица за данок на имот;
- Барателот да е корисник на печка на дрва/јаглен/нафта/мазут со прилог фотографија од печката;
- Нотарски заверена изјава за согласност за користење на личните податоци на барателите и согласност за доброволно предавање на старото грејно тело (печка на дрва/јаглен/нафта/мазут) на општина Ѓорче Петров);
- Копија од фискалната сметка од набавената топлинска пумпа (клима уред или топлотна пумпа) во период од 01.01.2025 година до 30.06.2025 година;
- Копија од важечка лична карта во која е наведена адреса на живеење на територија на Општина Ѓорче Петров;
- Копија од број на трансакциска сметка на име на подносителот;

При извршената проверка и евидентирање на барањата во табелата, констатирано е дека 66 (шеесет и шест) баратели ги исполнуваат условите за субвенционирање, додека 31 (триесет и еден) барател има некомплетна документација или не ги исполнува условите наведени во Јавниот повик.

На сите баратели кои ги исполнуваат условите испратено им е поединечно писмено известување, во кое се наведени периодот и местото за предавање на старото грејно тело (печка на дрва/јаглен/нафта/мазут).

На секој барател кој не исполнил услов или има некомплетна документација испратено му е известување за причината за одбивање на барањето.

Во периодот од 02.09.2025 година до 12.09.2025 година се спроведе фазата за предавање на старите грејни тела од барателите кои ги исполнуваат условите за субвенционирање на дел од трошоците направени при набавка на топлински пумпи (клима уреди или топлотни пумпи) во 2025 година.

Барателите кои ги исполнија условите, по доставеното известување за предавање на старата печка на дрва/нафта/јаглен/мазут со која аплицирал во неговото барање, доброволно ги предадоа во периодот од 02.09.2025 година до 12.02.2025 година секој работен ден од 08:00 до 14:00 часот во Комуналниот пункт на Општина Ѓорче Петров.

Во Комуналниот пункт на Општина Ѓорче Петров беше определено овластено лице од градоначалникот на Општина Ѓорче Петров, кое при прием на старите грејни тела издава потврда за примено грејно тело во два примерока (еден за барателот на субвенција и еден како доказ до комисијата во прилог со фотографија од печката на барателот).

Периодот за предавање на печките заврши во предвидениот рок со што беше утврдено дека двајца баратели не ја предале доброволно својата стара печка на дрва/јаглен/нафта/мазут во Комуналниот пункт на Општина Ѓорче Петров, со што вкупниот број на одбиени барања изнесува 33 (триесет и три).

Со оглед на тоа што двајца баратели не предадоа грејно тело, а со тоа не го исполнија овој услов, комисијата одлучи од листата на пријавени баратели кои ги исполнуваат условите предвидени до Јавниот повик да вклучи уште двајца баратели кои се следни на листата, кои ги предадоа своите стари грејни тела во пунктот на општина Ѓорче Петров. Со тоа вкупниот број на барателите кои целосно ги исполнуваат условите за доделување на финансиски средства за субвенционирање на дел од трошоците направени при набавка на топлински пумпи (клима уреди или топлотни пумпи) во 2025 година, изнесува 66 (шеесет и шест) добитници на субвенции.

На известувањата до барателите кои имаат некомплетна документација, двајца баратели поднесоа приговори кои Комисијата ги одби како неосновани.

Комисијата изготви предлог листа на добитници за субвенционирање на дел од трошоците направени при набавка на топлински пумпи (клима уреди или топлотни пумпи) во 2025 година и истата ја испрати до градоначалникот на Општина Ѓорче Петров.

Комисијата со доставување на извештајот до градоначалникот и Советот на Општина Ѓорче Петров, ги исполни сите обврски предвидени со Одлуката за субвенционирање на дел од трошоците направени при набавка на топлински пумпи (клима уреди или топлотни пумпи) во 2025 година, и Решение за формирање Комисија број 02-972/1 од 19.05.2025 година, и со тоа ја заврши постапката за субвенционирање на дел од трошоците направени при набавка на топлински пумпи (клима уреди или топлотни пумпи) во 2025 година, за граѓаните од Општина Ѓорче Петров.

Во прилог на овој извештај се фотокопии од сите документи кои се изготвени при спроведување на постапката и Предлог-Листа на добитници на финансиски средства за

субвенционирање на дел од трошоците направени при набавка на топлински пумпи (клима уреди или топлотни пумпи) во 2025 година.

**Комисија за спроведување на Јавен повик за субвенционирање на дел од трошоците направени при набавка на топлински пумпи (клима уреди или топлотни пумпи) во 2025 година**

**Претседател : Иван Марковски с.р.**

## ПРЕДЛОГ ЛИСТА - ДОБИТНИЦИ
### на субвенционирање на дел од трошоците направени при набавка на топлински пумпи (клима уреди или топлотни пумпи) во 2025 година

| Реден број | Шифра | Адреса на живеење | Субвенција |
|---|---|---|---|
| 1 | 03-1101/2 | Ул. Христо Батанџиев бр. 5/3-1 | 12,632.00 |
| 2 | 03-1101/3 | Ул. Ѓорче Петров бр. 57Б | 15,000.00 |
| 3 | 03-1101/5 | Ул. Шидска бр. 20-3/9 | 15,000.00 |
| 4 | 03-1101/6 | Ул. 1 бр. 52 Ново Село | 15,000.00 |
| 5 | 03-1101/7 | Ул. Стево Црвенковски 32-26 | 9,000.00 |
| 6 | 03-1101/8 | Ул. Ѓорче Петров бр. 1-29 | 10,500.00 |
| 7 | 03-1101/9 | Ул. Т. Бошковски-Тарцан бр.3-38А | 13,495.00 |
| 8 | 03-1101/10 | Ул. Македонска преродба бр.39 | 13,975.00 |
| 9 | 03-1101/11 | Ул. 22 бр. 97 Волково | 9,500.00 |
| 10 | 03-1101/12 | Ул. Струмјани бр.18 | 13,500.00 |
| 11 | 03-1101/13 | Ул. 60 бр. 68 Волково | 15,000.00 |
| 12 | 03-1101/14 | Ул. 1831 бр. 14-22 Ново Село | 13,496.00 |
| 13 | 03-1101/15 | Ул. 1 бр. 23 Ново Село | 14,000.00 |
| 14 | 03-1101/16 | Ул. Борис Сарафов бр. 91 | 21,000.00 |
| 15 | 03-1101/17 | Ул. Шидска бр. 26/4-10 | 15,000.00 |
| 16 | 03-1101/19 | Ул. Алексо Демниевски 5 бр. 1 | 15,000.00 |
| 17 | 03-1101/21 | Ул. Т. Бошковски-Тарцан бр.4 | 12,500.00 |
| 18 | 03-1101/22 | Ул. 4 бр. 108 Ново Село | 12,500.00 |
| 19 | 03-1101/23 | Ул. 30 бр. 2 Кисела Јабука | 14,500.00 |
| 20 | 03-1101/24 | Ул. Тиранска бр. 26 | 15,000.00 |
| 21 | 03-1101/25 | Ул. Даутица бр. 17 | 15,000.00 |
| 22 | 03-1101/26 | Ул. 7 бр. 11 с. Орман | 15,000.00 |
| 23 | 03-1101/27 | Ул. Алексо Демниевски 19 бр. 11 | 15,000.00 |
| 24 | 03-1101/30 | Ул. Тихомир Милошевски бр. 6 | 13,000.00 |
| 25 | 03-1101/31 | Ул. Никола Вукмировиќ бр.11-5 | 10,000.00 |
| 26 | 03-1101/32 | Ул. Алексо Демниевски бр. 7/5 | 11,750.00 |
| 27 | 03-1101/34 | Ул. 1831 бр. 16/1-10 | 14,995.00 |
| 28 | 03-1101/35 | Ул. 70 бр. 42 Волково | 13,496.00 |
| 29 | 03-1101/36 | Ул. 81 бр. 11А | 10,995.00 |
| 30 | 03-1101/40 | Бул. Македонска војска бр. 38/1-51 | 14,500.00 |
| 31 | 03-1101/44 | Ул. Христо Батанџиев бр. 102 | 14,500.00 |
| 32 | 03-1101/45 | Ул. Јадранска бр. 22 | 14,500.00 |
| 33 | 03-1101/46 | Ул. Шидска бр. 24/1-14 | 15,000.00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 34 | 03-1101/47 | Ул. Стоби бр. 21А | 11,841.00 |
| 35 | 03-1101/51 | Ул. Христо Батанџиев бр. 27 | 13,750.00 |
| 36 | 03-1101/54 | Ул. Лихнида бр. 1/2-8 | 15,000.00 |
| 37 | 03-1101/57 | Ул. Алексо Демниевски бр. 72 | 15,000.00 |
| 38 | 03-1101/59 | Ул. Алексо Демниевски 1 бр. 14 | 15,000.00 |
| 39 | 03-1101/60 | Ул. Знеполе бр. 35Б | 13,000.00 |
| 40 | 03-1101/61 | Ул. 4 Јули бр. 66 | 14,000.00 |
| 41 | 03-1101/63 | Ул. 1 бр. 8 Орман (л.к) | 14,500.00 |
| 42 | 03-1101/64 | Ул. Анастас Коцарев бр. 10Б | 15,000.00 |
| 43 | 03-1101/65 | Ул. 4 Јули бр. 4/2-14 | 13,000.00 |
| 44 | 03-1101/66 | Ул. Шидска бр. 26/5-3 | 15,000.00 |
| 45 | 03-1101/67 | Ул. Алексо Демниевски бр. 62 | 15,000.00 |
| 46 | 03-1101/68 | Ул. Ибе Паликуќа бр. 24-1 | 15,000.00 |
| 47 | 03-1101/70 | Ул. Кузман Капидан бр. 1 | 10,995.00 |
| 48 | 03-1101/71 | Ул. 83 бр. 13 Волково | 9,000.00 |
| 49 | 03-1101/72 | Ул. 15 бр. 1 Волково | 13,500.00 |
| 50 | 03-1101/73 | Ул. 32 бр. 8 Кисела Јабука | 15,000.00 |
| 51 | 03-1101/74 | Ул. 42 бр. 5 Кисела Јабука | 15,000.00 |
| 52 | 03-1101/75 | Ул. Виа Егнатија бр. 8/3-1 | 13,389.00 |
| 53 | 03-1101/76 | Ул. 95 бр. 41 Волково | 15,000.00 |
| 54 | 03-1101/77 | Ул. Островска бр. 2А | 13,000.00 |
| 55 | 03-1101/78 | Ул. Панко Брашнаров бр. 2 | 13,000.00 |
| 56 | 03-1101/80 | ул. 17 бр. 14 Волково | 9,000.00 |
| 57 | 03-1101/82 | Ул. Мијачка бр. 15Б | 15,000.00 |
| 58 | 03-1101/84 | Ул. Шидска бр. 18/1-18 | 15,000.00 |
| 59 | 03-1101/85 | Ул. Александар Македонски бр. 27А | 10,495.00 |
| 60 | 03-1101/89 | Ул. 1. бр. 31 Стопански двор | 15,000.00 |
| 61 | 03-1101/91 | Ул. 4 Јули бр. 81 | 13,495.00 |
| 62 | 03-1101/92 | Ул. Мис Стон бр. 20 | 11,500.00 |
| 63 | 03-1101/96 | Ул. Мијачка бр. 13А | 8,500.00 |
| 64 | 03-1101/97 | Ул. Шар Планина бр. 47 | 15,000.00 |
| 65 | 03-1101/98 | Ул. Сремски фронт бр. 31 | 15,000.00 |
| 66 | 03-1101/99 | Ул. 75 бр. 10 Волково | 13,000.00 |

НАПОМЕНА:

Барањата доставени после архивскиот број 03-1101/99 не се прифатени заради исцрпување на вкупниот износ на средства предвидени во буџетот на Општина Ѓорче Петров и наменети за субвенционирање на дел од трошоците направени при набавка на топлински пумпи (клима уреди или топлотни пумпи) во 2025 година.

Износот на субвенцијата е во висина од 50% од цената на набавениот клима уред, но не повеќе од 15.000,00 денари, или 10% од цената на набавената топлотна пумпа, но не повеќе од 21.000,00 денари.

**Комисија за спроведување на јавен повик за субвенционирање на дел од трошоците направени при набавка на топлински пумпи (клима уреди или топлотни пумпи) во 2025 година**

**Претседател : Иван Марковски с.р.**

**Пополнува подносителот на барањето:**

Име и презиме: ______________________

Општина: Општина Ѓорче Петров

Адреса (улица и број): ______________________

Број на л. к.: ______________________

Бр. на телефон: ______________________

e-mail: ______________________

## Б А Р А Њ Е

За надоместување на дел од трошоците направени при набавка на топлински пумпи (клима уреди или топлотни пумпи) во 2025 година

1. Во врска со Јавниот повик за надоместување на дел од трошоците направени при набавка на топлински пумпи (клима уреди или топлински пумпи) во 2025 година, за затоплување на мојот станбен објект, под полна морална, материјална и кривична одговорност изјавувам дека:

   ☐ Набавив нов топлински уред (**да се заокружи уредот кој е набавен**) за затоплување на моето домаќинство во 2025 година и го инсталирав на адреса ______________________ Општина Ѓорче Петров, Скопје.

   1. Клима уред 2. Топлотна пумпа

2. Податоци за претходно користена/и печка/и:
   - вид на печка/и ______________________
   - старост на печката/те ______________________
   - вид на користено гориво ______________________
   - количина на користено гориво годишно ______________________ ($m^3$,l)
   - живеам во стан/куќа со големина од ______________________($m^2$)
   - се грее целата површина или ______________________($m^2$)

3. Податоци за трансакциска сметка на барателот :

Корисник на сметката: ______________________

Број на трансакциска сметка: ______________________

Име на банката: ______________________

4. Во прилог на ова барање доставувам:

- ☐ Копија од важечка лична карта;
- ☐ Копија од предната страна на мојата лична трансакциска сметка;
- ☐ Нотарски заверена изјава за согласност за употреба на моите лични податоци исклучиво за учество на овој Јавен повик, за доброволно и без надомест предавање на старото грејно тело (печка на дрва / јаглен / нафта / мазут) на Општина Ѓорче Петров и дека немам претходно искористено субвенции за затоплување (печки на пелети / инвертери) на своето домаќинство;
- ☐ Фотографија од старото грејно тело кое доброволно ќе го предадам на Општина Ѓорче Петров;
- ☐ Копија од фискалната сметка или фактура како доказ за извршена набавка на топлинска пумпа (клима уред или топлотна пумпа);
- ☐ Копија од договорот за плаќање на рати со прилог доказ за извршена уплата;
- ☐ Копија од сметка/фактура за потрошена електрична енергија на која е прикажано броилото;
- ☐ За барателите кои имаат живеалиште во реони каде има градско централно греење - потврда дека не се приклучени на градско централно греење и немаат техничка можност на приклучување на истото (потврда од ЕСМ – снабдување со топлина).

Датум: ______________________ Подносител на барањето:

Место: ______________________ ________________________

# И З Ј А В А

Јас, ________________________________________, со бр. на телефон _____________,
(име и презиме)

со ЕМБГ ___________________, со бр. на лична карта ________________________________, и со живеалиште на адреса: _____________________________________________________ во Општината Ѓорче Петров, под целосна морална, материјална и кривична одговорност изјавувам дека,

- Личните податоци приложени кон барањето/апликацијата на Јавниот повик се точни и сум согласен Општина Ѓорче Петров да ги користи исклучиво во постапката поведена со моето барање/апликација доставена до Општината по Јавниот повик број ____________ за субвенционирање на дел од трошоците направени при набавка на топлински пумпи (клима уреди или топлотни пумпи) во 2025 година.
- Доброволно и без надомест ќе ја предадам постојната печка на (дрва / јаглен / мазут или нафта) на Општина Ѓорче Петров.
- Досега немам искористено субвенции за затоплување (печки на пелети / инвертери) на своето домаќинство.

Во Скопје, ________ год.

**Изјавил:**

Име и презиме: __________________________________

Потпис: __________________________________

**До**:

**Адреса**:

Општина Ѓорче Петров, Скопје

**Од**: **Комисија за субвенционирање на дел од трошоците направени при набавка на топлински пумпи (клима уреди или топлотни пумпи) во 2025 година** (во натамошниот текст: **Комисија**)

**Предмет**: ИЗВЕСТУВАЊЕ

Почитувани,

Согласно точка 12.8. од Јавен Повик број 02-972/5 од 16.06.2025 година за Субвенционирање на дел од трошоците направени при набавка на топлински пумпи (клима уреди или топлотни пумпи) во 2025 година, Ве известуваме дека при евалуација на Вашето барање со број 03-1101/ , Комисијата ги воочи следните недостатоци:

- (причина за одбивање на барањето)

Согласно горенаведеното, Вашето барање за субвенционирање на дел од трошоците направени при набавка на топлински пумпи (клима уреди или топлотни пумпи) во 2025 **се одбива** поради некомплетна документација.

Со почит,

Претседател на Комисија

И. Марковски

______________________

Изготвил: М. Јовановска

**До**:

**Адреса**:

Општина Ѓорче Петров, Скопје

**Од**: **Комисија за субвенционирање на дел од трошоците направени при набавка на топлински пумпи (клима уреди или топлотни пумпи) во 2025 година** (во натамошниот текст: **Комисија**)

**Предмет**: ИЗВЕСТУВАЊЕ

Почитувани,

Согласно Јавен Повик со број 02-972/5 за Субвенционирање на дел од трошоците направени при набавка на топлински пумпи (клима уред или топлотни пумпи) во 2025 година, Ве известуваме дека во период од 02.09.2025 до 12.09.2025 година секој РАБОТЕН ден од 08:00 до 14:00 часот, потребно е да ја предадете својата стара печка (на дрва/нафта/мазут/јаглен) во Пунктот на општина Ѓорче Петров (ул. Лука Геров - сенаменско игралиште, позади ресторан Камин Кама).

Со предавање на Вашата стара печка со која аплициравте во барањето за субвенционирање, добивате потврда со која го исполнувате условот за субвенционирање.

Со почит,

Претседател на Комисија

Иивaн Марковски с.р.